**Народна банка на Република Македонија**

Дирекција за статистика

# МЕТОДОЛОШКИ ОБЈАСНУВАЊА

## Монетарна статистика и статистика на останатите финансиски институции

ноември 2007 година

(последно ревидирано јули 2018 година)

**СОДРЖИНА**

1. Применет методолошки концепт ........ 1
2. Извештајни единици ........ 1
3. Законска рамка, начини на известување и извори на податоци ........ 2
4. Политика на објавување и ревизија на податоците ........ 2
4.1. Политика на објавување на податоците ........ 2
4.2. Политика на ревизија на податоците ........ 2
5. Видови статистички извештаи ........ 3
5.1. Статистика на финансиските институции ........ 3
5.1.1. Правила и принципи на изготвување на монетарните биланси и прегледи ........ 4
5.1.2. Изготвување на монетарните биланси ........ 5
5.1.3. Поделба на институционални сектори и потсектори ........ 7
5.1.3.1. Финансиски институции ........ 7
5.1.3.2. Нефинансиски институции ........ 8
5.1.3.3. Држава ........ 9
5.1.3.4. Домаќинства ........ 9
5.1.3.5. Непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата ........ 10
5.1.4. Поделба на финансиските инструменти во рамки на монетарните биланси ........ 10
5.1.5. Структура на монетарните прегледи ........ 17
5.1.5.1. Преглед на НБРМ ........ 17
5.1.5.2. Преглед на останатите депозитни институции ........ 18
5.1.5.3. Преглед на депозитните институции ........ 20
5.1.5.4. Преглед на останатите финансиски институции ........ 20
5.1.5.5. Преглед на финансиските институции ........ 22
5.1.5.6. Парична маса и нејзините компоненти ........ 23
5.1.6. Останати монетарни извештаи ........ 23
5.1.6.1. Депозити на недржавниот сектор кај банките и штедилниците ........ 23
5.1.6.2. Кредити на недржавниот сектор дадени од банките и штедилниците ........ 24
5.1.6.3. Кредити на банките и кредити на банките и штедилниците, дадени на домаќинствата ........ 24

# МЕТОДОЛОШКИ ОБЈАСНУВАЊА

## Монетарна статистика и статистика на останатите финансиски институции

### ВОВЕД

Народната банка е одговорна институција за изготвување и објавување податоци за монетарната статистика и статистиката на останатите финансиски институции. Во рамки на монетарната статистика и статистиката на останатите финансиски институции, податоците се изготвуваат и се објавуваат со месечна и/или квартална периодика. Со месечна периодика се изготвуваат и се објавуваат билансите и прегледите на депозитните институции (НБРМ, банки и штедилници), како и податоците за паричната маса и нејзините компоненти. Врз основа на податоците од билансите и прегледите на депозитните институции се изработуваат и останатите монетарни извештаи: депозити и кредити кај останатите депозитни институции (банки и штедилници) и кредити на банките и штедилниците дадени на домаќинствата. До 2009 година, податоците се изработени согласно со стариот сметковен план на банките пропишан од Министерството за финансии на Република Македонија. Почнувајќи од јануари 2009 година, податоците се изработуваат согласно со новопропишаниот сметковен план од страна на Народната банка на Република Македонија.

Со квартална периодика, покрај билансите и прегледите на депозитните институции, почнувајќи од 2012 година, се изготвуваат и се објавуваат и вкупниот биланс и прегледот на останатите финансиски институции и поодделните биланси и прегледи на инвестициските фондови, пензиските фондови, осигурителните друштва, збирниот биланс на друштвата даватели на финансиски лизинг, финансиските друштва, друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, како и прегледот на финансиските институции.

Податоците се искажани во домашна валута (во милиони денари).

### 1. Применет методолошки концепт

Изготвувањето и прикажувањето на податоците од монетарната статистика се заснова врз меѓународните препораки и стандарди, од кои позначајни се:

Прирачникот и упатството за монетарна и финансиска статистика изготвен од страна на Меѓународниот монетарен фонд (Monetary and Financial Statistics Manual and Compilation Guide, Prepublication Draft, IMF, 2016);

- Системот на национални сметки изготвен од страна на ООН (System of National Accounts - СНА 93).

### 2. Извештајни единици

За потребите за изготвување на податоците од монетарната статистика и статистиката на останатите финансиски институции, извештајни единици се сите финансиски институции резиденти на Република Македонија. Тоа се депозитните институции (Народната банка на Република Македонија – НБРМ, банките и штедилниците) и останатите финансиски

институции (инвестициските фондови, пензиските фондови, осигурителните друштва, друштвата даватели на финансиски лизинг, финансиските друштва, друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови).

## 3. Законска рамка, начини на известување и извори на податоци

Извештајните единици, за потребите на монетарната статистика и статистиката на останатите финансиски институции, доставуваат податоци и извештаи до НБРМ согласно со членовите 35, 36 и 37 од Законот за НБРМ („Службен весник на РМ" бр. 158/2010) и член 101 од Законот за банките („Службен весник на РМ" бр. 67/07, 90/09 и 67/10).

Податоците и извештаите од извештајните единици се добиваат на месечна и на квартална основа, по електронски пат, преку соодветни електронски апликации. На месечна основа се добиваат месечните податоци од депозитните институции, додека на квартална основа се добиваат кварталните податоци од останатите финансиски институции.

Извори на податоци за монетарната статистика и статистиката на останатите финансиски институции се:

- месечните податоци за сметководствената состојба на средствата и обврските на депозитните институции (КЊБИФО); и

- кварталните извештаи за состојбата и прометот на средствата и обврските на останатите финансиски институции (образец ОФИ-1).

## 4. Политика на објавување и ревизија на податоците

### 4.1. Политика на објавување на податоците

Монетарните биланси и прегледи на финансиските институции се објавуваат на интернет-страницата на НБРМ на редовна месечна и квартална основа, согласно со утврдените рокови дадени во календарот на објавување на податоците (расположлив на интернет-страницата на НБРМ - http:www.nbrm.mk). Исто така, монетарните биланси и прегледи на финансиските институции се на располагање на корисниците и во кварталната публикација на НБРМ „Кварталниот извештај на НБРМ - Статистички прилог", којашто исто така е достапна на интернет-страницата на НБРМ.

### 4.2. Политика на ревизија на податоците

Податоците за декември се ревидираат на редовна годишна основа во рок од т+52 дена по истекот на месецот, врз основа на податоците коишто банките одново ги доставуваат согласно со рокот определен со Законот за банките и соодветните подзаконски акти за доставување на неревидираниот годишен финансиски извештај.

Исто така, по потреба, ревизија на објавените податоци може да се врши и почесто во случаи на:

- добивање нови и/или коригирани информации и податоци од извештајните единици; или

- промени кај изворите на податоци или методологијата за составување на одделно статистичко истражување.

Во согласност со меѓународните препораки, за позначајните измени во податоците коишто произлегуваат од извршените ревизии се дава соодветно објаснување со фуснота или во рамки на соопштенијата за печат.

Ревизија на податоците во историската временска серија се врши почнувајќи од моментот на појавување на настанот што довел до измена на податоците, или доколку за тоа не постојат соодветни услови, за најдолгиот можен изминат период. Доколку настане измена во прикажувањето на податоците (објавување нов показател - сектор, инструмент и друго), историската временска серија се ревидира почнувајќи од моментот на воведување на новиот показател, доколку за тоа постојат соодветни услови.

## 5. Видови статистички извештаи

Врз основа на примените податоци и извештаи се изготвуваат и се објавуваат два вида податоци:

- месечни податоци од монетарната статистика, односно статистика на депозитните институции (биланси и прегледи на депозитните институции - НБРМ, банки и штедилници, паричната маса и нејзините компоненти, останати монетарни извештаи);

- квартални податоци од монетарната статистика и статистиката на останатите финансиски институции, односно статистика на финансиските институции, при што се изработува прегледот на финансиските институции којшто ги консолидира податоците за депозитните институции (биланси и прегледи на депозитните институции - НБРМ, банки и штедилници) со податоците за останатите финансиски институции (биланси и прегледи на останатите финансиски институции - инвестициските фондови, пензиските фондови, осигурителните друштва, друштвата даватели на финансиски лизинг, финансиските друштва, друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови).

### 5.1. Статистика на финансиските институции

Начинот на изготвување на монетарните податоци од статистиката на финансиските институции се одвива во две нивоа:

1) Првото ниво опфаќа прибирање податоци за сметководствената состојба на средствата и обврските од извештајните единици и нивно агрегирање во аналитички извештаи (биланси). Овие аналитички извештаи содржат детални билансни податоци за депозитните институции, односно за НБРМ, останатите депозитни институции (банки и штедилници) и за останатите финансиски институции (инвестициските фондови, пензиските фондови, осигурителните друштва, друштвата даватели на финансиски лизинг, финансиските друштва, друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови) класифицирани првенствено по инструменти, потоа по валути и на крај по сектори.

Како резултат на овој процес се изготвуваат и се објавуваат следниве биланси:

- Биланс на НБРМ (месечен и квартален);

- Биланс на останатите депозитни институции, (месечен и квартален);

- Биланс на останатите финансиски институции, збирен и по известувачи (квартален).

2) Второто ниво опфаќа консолидирање на податоците од аналитичките извештаи (биланси) во монетарни прегледи каде што податоците се класифицирани најнапред по сектори, а потоа по валута и по инструменти. Целта на изготвувањето на овие прегледи е поедноставено прикажување на средствата и обврските на финансиските институции, на начин што е погоден за вршење монетарни анализи. Тие ги покажуваат механизмите на мултиплицирање на монетарната база во агрегирана парична маса на ниво на целата економија. Со тоа, прегледите претставуваат основна алатка на носителите на монетарната политика, во процесот на формулирање и контрола на насоките на монетарната политика.

Како резултат на овој процес се изготвуваат и се објавуваат следниве прегледи и други монетарни извештаи:

- Преглед на НБРМ (месечен и квартален);
- Преглед на останатите депозитни институции (месечен и квартален);
- Преглед на депозитните институции (месечен и квартален);
- Преглед на останатите финансиски институции (квартален);
- Преглед на финансиските институции (квартален);
- Парична маса и нејзините компоненти (месечен);
- Депозити на недржавниот сектор кај останатите депозитни институции - банките и штедилниците (месечен);
- Кредити на недржавниот сектор дадени од останатите депозитни институции - банките и штедилниците (месечен); и
- Кредити на банките, и кредити на банките и штедилниците дадени на домаќинствата (месечен).

### 5.1.1. Правила и принципи на изготвување на монетарните биланси и прегледи

При изготвувањето на монетарните биланси и прегледи се применуваат следниве основни правила и принципи:

- **Сите категории во монетарните биланси се искажуваат во денари.** Стандардна единица за изразување на состојбата на средствата и обврските во монетарната статистика е домашната валута. Според тоа, известувачите ги претвораат сите состојби деноминирани во странска валута во денарски износи. Состојбите деноминирани во странска валута се претвораат во денари со користење на средниот девизен курс на соодветните валути на крајот на извештајниот период.
- Основен принцип за **вреднување** на финансиските средства и обврски во монетарните биланси е користење на пазарните цени, или приближување кон пазарните цени („објективна" вредност). Вреднувањето по „објективна" вредност се врши кај оние финансиски средства или обврски коишто не се предмет на тргување на финансиските пазари или се тргуваат многу ретко. Провизиите, надоместоците, даноците и други слични плаќања се прилив на страната на доходот и според тоа се исклучуваат од вреднувањето на инструментите. Состојбата на финансиските средства и обврски се вреднуваат врз основа на пазарните цени коишто се најзастапени во времето на изработката на билансот.
- Средствата и обврските во форма на валути, депозити и кредити, обврските во форма на акции и други форми на сопственички капитал, како и повеќето категории од другите побарувања и обврски се вреднуваат по сметководствената вредност. На пример, кредитите треба да бидат вреднувани по сметководствената вредност на побарувањата на кредиторот (главница и пресметана камата) без приспособувања за очекуваните загуби. Податоците за очекуваните загуби, за резервациите за кредити и други исправки на вредноста на фиксните средства (исклучувајќи ја акумулираната амортизација) се вклучени во рамките на категоријата „останати обврски" и се искажуваат, исто така, по сметководствена вредност.

  Согласно со Прирачникот за монетарна и финансиска статистика на ММФ, пресметаната камата на депозитите, кредитите и хартиите од вредност што не се акции

се опфаќа во сметководствената вредност на финансиското средство или обврска, наместо да се третира како дел од останатите побарувања односно обврски.

- **Резидентноста** на клиентот се одредува врз основа на правилото за економски центар на интерес на институционалната единица, а не врз основа на правилото за националност, валута на трансакцијата, или пак правната дефиниција, односно се одредува согласно со Прирачникот за меѓународната инвестициска позиција и платниот биланс[1]. Сите институционални единици коишто имаат седиште, место на производство и фиксни средства на територијата на одредена земја во која извршуваат значајни економски активности имаат третман на резиденти. Исто така, при изготвувањето на монетарните биланси, а особено на монетарните прегледи, се применуваат следниве дополнителни принципи:
- **Принцип на агрегирање,** којшто подразбира сумирање на податоците на сите институционални единици во сектори и потсектори, или на сите средства и обврски во рамки на одредена стандардна категорија.
- **Принцип на консолидирање,** којшто се однесува на отстранување на меѓусебни побарувања и обврски помеѓу одделните организациски делови (седиште и филијали) на институционалните единици при што извештајните единици доставуваат извештаи со консолидирани податоци. Консолидирање се врши и во монетарните прегледи за податоците коишто се однесуваат на меѓусекторските побарувања и обврски.
- **Принцип на нетирање.** Основен принцип што се користи во статистичките истражувања, а во тие рамки и во монетарната статистика е дека податоците треба да се прибираат и да се прикажуваат на бруто-основа. Сепак, постојат отстапувања од основниот принцип и тоа во случаите кога е посоодветно податоците да се обработат на нето-основа, или пак не е возможна обработка на бруто-основа. Така, некои категории податоци во монетарните прегледи (девизни средства, побарувања од централна влада, останати ставки) се прикажуваат на нето-основа, за да имаат поголема корист за аналитички цели.

### 5.1.2. Изготвување на монетарните биланси

Монетарните извештаи се подготвуваат и се објавуваат во три основни вида монетарни биланси:

- Биланс на НБРМ, што ги опфаќа сите средства и обврски на централната банка класифицирани на стандарден начин;

- Биланс на останатите депозитни институции, што ги опфаќа сите средства и обврски на банките и штедилниците класифицирани на стандарден начин. Целта на овој биланс е да ги опфати средствата и обврските на сите институционални единици - резиденти од секторот на депозитните институции (освен централната банка), коишто создаваат обврски вклучени во стандардната дефиниција на паричната маса;

- Биланс на останатите финансиски институции, којшто ги опфаќа сите средства и обврски на тековно опфатените известувачи (инвестициските фондови, пензиските фондови, осигурителните друштва, друштвата даватели на финансиски лизинг, финансиските друштва, друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови) класифицирани на стандарден начин.

[1] BPM6 - Прирачник за меѓународната инвестициска позиција и платниот биланс БПМ6 (Balance of Payments and International Investment Position Manual, sixth edition (BPM6), 2009, IMF).

Монетарните биланси ги прикажуваат состојбите на сите средства и обврски на крајот од извештајниот период. Финансиските средства и обврски во монетарните биланси се прикажуваат согласно со стандардната класификација на финансиските инструменти, дадена во Прирачникот и упатството за монетарна и финансиска статистика на ММФ (усогласена со класификацијата на финансиските инструменти во СНА2008 и Европскиот систем на сметки - ЕСА2010). Согласно со оваа класификација, разграничени се следниве финансиски инструменти:

*Средства:*

- Монетарно злато и специјални права на влечење (СПВ)
- Валути и депозити
- Хартии од вредност што не се акции
- Кредити
- Акции и останат сопственички капитал
- Технички резерви на осигурувањето
- Финансиски деривати
- Останати побарувања
- Нефинансиски средства

*Обврски:*

- Готови пари во оптек
- Депозити вклучени во монетарните агрегати
- Депозити исклучени од монетарните агрегати
- Хартии од вредност што не се акции (вклучени во монетарните агрегати)
- Хартии од вредност што не се акции (исклучени од монетарните агрегати)
- Кредити
- Технички резерви на осигурувањето
- Финансиски деривати
- Останати обврски
- Распределба на специјални права на влечење (СПВ)
- Акции и останат сопственички капитал

Во рамките на секој финансиски инструмент е извршена натамошна поделба по сектори, стандардно дефинирани во Прирачникот и упатството за монетарна и финансиска статистика на ММФ (усогласена со поделбата по сектори дадена во СНА2008 и ЕСА2010):

Во најопшт облик, постојат два основни институционални сектора:

- резиденти
- нерезиденти.

Извештајните единици ги разграничуваат деловните партнери на резиденти и нерезиденти согласно со дефинициите за резидентност содржани во Законот за девизно работење („Службен весник на РМ“ бр. 34/01, 49/01, 103/01 и 51/03). Резидентноста на

институционалните единици е утврдена со Законот за девизно работење, при што физичките лица коишто привремено престојуваат во Република Македонија врз основа на важечка виза за престој, односно работна виза во траење од најмалку шест месеци имаат третман на резиденти на Република Македонија[2]. Нерезидентите претставуваат институционални единици од странство коишто се вклучени во трансакции со резидентни институционални единици, или имаат други економски врски со резидентните единици. Преку трансакциите со нерезидентите се добива вкупна слика за економските врски коишто ја поврзуваат домашната економија со странство.

Резидентите понатаму се класифицираат во следниве основни сектори и потсектори:

- Финансиски институции:
    - Централна банка (НБРМ);
    - Останати депозитни институции (банки и штедилници);
    - Останати финансиски институции (други финансиски посредници освен осигурителни друштва и пензиски фондови, помошни финансиски институции, осигурителни друштва и пензиски фондови).
- Нефинансиски институции:
    - Јавни нефинансиски институции;
    - Останати нефинансиски институции;
- Држава:
    - Централна влада;
    - Локална самоуправа;
    - Фондови за социјално осигурување;
- Домаќинства:
    - Физички лица;
    - Самостојни вршители на дејност со личен труд;
- Непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

Во монетарните биланси, домаќинствата и непрофитните организации коишто им служат на домаќинствата се прикажани во потсекторот *други резиденти*.

Натамошна поделба е извршена кај финансиските инструменти според критериумот валута на деноминација (во денари или во странска валута). Финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се прикажани како финансиски инструменти во странска валута.

## 5.1.3. Поделба на институционални сектори и потсектори

### 5.1.3.1. Финансиски институции

Секторот *финансиски институции* ги опфаќа институционалните единици коишто главно вршат финансиско посредување и/или помошни финансиски дејности. Финансиското посредување е дејност во којашто една институционална единица се стекнува со финансиски средства и во исто време презема обврски за своја сметка, преку вклучување во финансиски трансакции на пазарот. Помошните финансиски дејности се дејности сродни на финансиското посредување и преку нив тоа се поедноставува, но сами по себе не претставуваат финансиско посредување.

[2] Ваквото дефинирање на резидентноста на физичките лица и неговата примена во креирањето на статистичките податоци претставува исклучок од препораката наведена во меѓународните статистички стандарди каде што како критериум за утврдување на резидентоста се користи престој или намера за престој во една земја во траење од една година или повеќе.

**Централна банка** е Народната банка на Република Македонија.

**Банките** ги опфаќаат сите банки коишто добиле дозвола за основање и работење од гувернерот на Народната банка на Република Македонија. Со оваа дефиниција се опфаќаат и филијалите на банки од земјите членки на Европската Унија и филијалите на странски банки коишто добиле дозвола за отворање и работење на територијата на Република Македонија од гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

**Штедилниците** ги опфаќаат сите штедилници коишто се основани и работат врз основа на дозвола од гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

**Другите финансиски посредници** освен осигурителните друштва и пензиските фондови ги опфаќаат различните видови финансиски посредници коишто се стекнуваат со средства преку прифаќање долгорочни и специфични средства, согласно со активноста со која се занимаваат и преку емисија на сопственички и должнички хартии од вредност. Овие посредници се специјализирани за кредитирање посебни групи должници преку користење специјални финансиски аранжмани, како што се лизингот, операциите на финансиските деривати и сл. Другите финансиски посредници пред сè ги опфаќаат правните лица коишто се занимаваат со финансиски лизинг, со комисиска продажба, дилери на хартии од вредност и финансиски деривати, компании за финансирање на увозот/извозот на стоки, холдинг-компаниите, финансиските друштва коишто им одобруваат кредити на нефинансиските институции и домаќинствата, инвестициските фондови (отворени, затворени и приватни), брокери и дилери кои работат за своја сметка и други.

**Помошните финансиски институции** ги опфаќаат сите правни лица коишто главно се занимаваат со помошни финансиски дејности, односно дејности сродни на финансиското посредување, но коишто сами по себе не претставуваат финансиско посредување. Нивната функција е да го олеснат финансиското посредување. Овој потсектор ги опфаќа: друштвата за управување со пензиските фондови, друштвата за управување со инвестициските фондови, берзата, брокерските куќи, инвестициските советници, клириншките куќи, брокерите и дилерите кои работат за сметка на други, централниот депозитар на хартии од вредност, сметководствените и другите финансиски здруженија и други.

Во **осигурителни друштва** се вклучуваат друштвата коишто вршат работи на осигурување и реосигурување.

**Пензиските фондови** ги вклучуваат институциите коишто осигуруваат групни ризици, а што се однесуваат на социјалните ризици и потребите на осигурените лица. Тие се формирани со цел да се обезбедат придобивки за пензионирање на специфични групи вработени. Имаат сопствени средства и обврски и извршуваат финансиски трансакции за своја сметка. Во овој потсектор припаѓаат и приватните доброволни фондови за пензиско осигурување.

### 5.1.3.2. Нефинансиски институции

Нефинансиските институции опфаќаат институционални единици - правни лица, чијашто примарна дејност е производството на стоки и/или давање нефинансиски услуги, наменети за пазар.

Во зависност од тоа дали се контролирани од државата или не, кај нефинансиските институции разликуваме два потсектора:

- јавни нефинансиски институции (контролирани од државата); и

- останати нефинансиски институции (неконтролирани од државата).

**Јавните нефинансиски институции** ги опфаќаат сите нефинансиски институции коишто се под контрола на државни единици. Контролата се дефинира како можност на државата за определување на генералната политика на институцијата, преку поседување повеќе од 50% од акциите со право на глас, преку пропис кој ѝ дава право на државата да ја определува политиката на институцијата или да назначува раководни лица.

### 5.1.3.3. Држава

Секторот *држава* ги вклучува сите институционални единици формирани за да ја спроведуваат политиката на државата преку инструменти на економска регулација, трансфер/прераспределба на приходите од задолжителни давачки или коишто претставуваат непазарни производители чиешто производство е наменето за индивидуална и заедничка потрошувачка, а што главно се финансираат преку задолжителни плаќања од страна на другите сектори.

Секторот *држава* ги опфаќа следниве потсектори:

- Централна влада;

- Локална самоуправа; и

- Фондови за социјално осигурување.

**Централната влада** ги вклучува сите административни единици на државата, како и другите централни органи чиишто надлежности вообичаено се протегаат на целата економска територија, со исклучок на управувањето со фондовите за социјално осигурување. Исто така, се вклучуваат и оние непрофитни институции коишто се контролирани и главно се финансирани од страна на централната влада и чиишто надлежности се протегаат врз целата економска територија. Во овој потсектор припаѓаат оние институционални единици што се финансираат од Буџетот на Република Македонија, како на пример: претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, министерствата на Владата, Уставниот суд на Република Македонија, јавните правобранители, агенциите на Владата коишто се финансираат од Буџетот на Република Македонија и други.

**Локалната самоуправа** ги вклучува оние видови јавни служби чиишто надлежности се протегаат само на локални делови од економската територија, т.е. во рамки на единиците на локалната самоуправа, освен органите на фондовите за социјално осигурување на локално ниво. Овој потсектор ги вклучува и оние непрофитни институции коишто се контролирани и финансирани главно од страна на локалните управи и чиишто надлежности се ограничени на економската територија на локалните единици на самоуправа.

**Фондовите за социјално осигурување** вклучуваат специјални институционални единици коишто можат да работат на централно или локално ниво. Тие претставуваат посебни институционални единици бидејќи располагаат со сопствени фондови, имаат сопствени средства и обврски и извршуваат финансиски трансакции за своја сметка. Во овој потсектор припаѓаат: фондот за пензиско и инвалидско осигурување, фондот за здравствено осигурување, агенцијата за вработување и други.

### 5.1.3.4. Домаќинства

Секторот *домаќинства* ги подразбира лицата, како и групите лица во смисла на потрошувачи и во смисла на самостојни вршители на дејност со личен труд (трговци поединци) коишто произведуваат стоки наменети за пазарот. Исто така, овој сектор ги вклучува лицата и групите лица кои произведуваат стоки и нефинансиски услуги исклучиво за сопствена употреба. Во овој сектор припаѓаат: физички лица, самостојни вршители на дејност со личен труд и физички лица кои согласно со Законот за трговските друштва не се сметаат за трговци.

### 5.1.3.5. Непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата

Секторот *непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата* се состои од непрофитни институции коишто претставуваат одделни правни лица. Нивни главни извори на средства се доброволните прилози во пари или во стока.

Овој сектор ги вклучува следниве институционални единици коишто им обезбедуваат непазарни стоки и услуги на домаќинствата: синдикати, професионални и стручни здруженија, здруженија на потрошувачи, политички партии, цркви и религиозни здруженија (вклучувајќи ги и оние коишто се финансирани, но не и контролирани од државата), општествени, културни, рекреативни и спортски клубови и добротворни, хуманитарни организации и организации за давање помош (коишто се финансирани преку доброволни трансфери во пари или во стока од други институционални единици).

### 5.1.4. Поделба на финансиските инструменти во рамки на монетарните биланси

Во продолжение е дадена структурата на монетарните биланси, со објаснување на главните ставки на страната на средствата и на страната на обврските.

#### I. Средства

На страната на средствата, главни стандардни компоненти на монетарните биланси се следниве:

***Монетарно злато и специјални права на влечење***

**Монетарното злато** преставува злато коешто го држи централната банка како дел од официјалните резерви. Златото коешто не е дел од официјалните резерви е класифицирано како нефинансиско средство. Монетарното злато се вреднува по пазарна цена.

**Специјалните права на влечење** преставуваат меѓународни резервни средства креирани од страна на ММФ, коишто се распределуваат во земјите членки за да се надополнат постоечките официјални резерви. Тие претставуваат безусловни права за добивање девизни и други резервни средства од останатите членки на ММФ.

Монетарното злато и специјалните права на влечење, како финансиски инструменти, се вклучени единствено во Билансот на НБРМ.

***Валути и депозити***

**Валутите** опфаќаат банкноти и ковани пари со фиксна номинална вредност, издадени од централната банка како официјално средство за плаќање во домашната економија. Златото и комеморативните ковани пари коишто имаат нумизматичка вредност и коишто не циркулираат во промет се класифицирани како нефинансиски средства.

Валутите, исто така, ги опфаќаат и девизите, односно банкнотите и кованите пари коишто се издадени од нерезиденти, најчесто централни банки на странски држави.

**Депозитите** се класифицирани во две подгрупи:

1. Првата група ја сочинуваат трансферабилните (преносливите) депозити, каде што се вклучени депозитите што се разменливи директно, без ограничувања, и што директно можат да се користат за плаќање со чекови, банкарски налози, должнички записи, тековни сметки итн.
2. Втората група ја сочинуваат останатите депозити, коишто вклучуваат:

- Депозити по видување - овие депозити дозволуваат повлекување пари, но не и директни плаќања кон трети лица;
- Орочени депозити - овие депозити не се на моментално располагање бидејќи тие се условени со одреден фиксен термин на подигање, или пак со период на претходна најава;
- Штедни влогови, штедни книшки, штедни записи или записи за депозити, при што сите тие се непреносливи или нивната преносливост е многу ограничена.
- Други останати депозити.

### ***Хартии од вредност што не се акции***

Хартиите од вредност што не се акции се финансиски средства коишто се преносливи и се тргуваат на секундарните пазари. Тие не му даваат право на сопственост на имателот во институционалната единица што ги издала, но му даваат безусловно право да добива фиксен или варијабилен доход во вид на купонски плаќања (камата) или определена фиксна сума којашто се исплаќа на одреден датум.

Овој инструмент ги вклучува: благајничките записи, обврзниците, записите на депозити, комерцијалните записи, заложничките записи и слични инструменти. Хартиите од вредност може да бидат краткорочни и долгорочни.

*Краткорочните хартии од вредност што не се акции* се со оригинален рок на достасување до една година и најчесто се издаваат со дисконт. Тие ги опфаќаат следниве инструменти: благајничките записи и другите краткорочни записи издадени од државата, краткорочните преносливи записи издадени од финансиските и нефинансиските институции, краткорочните хартии од вредност издадени во рамки на можностите за издавање гарантни меници и банкарски акцептирања.

*Долгорочните хартии од вредност што не се акции* се со рок на достасување над една година и најчесто се издаваат со купони. Тие ги опфаќаат следниве инструменти: обврзниците платливи на доносителот, субординираните обврзници, обврзниците со алтернативни датуми на достасување, недатираните или постојаните обврзници (конзоли), записите со променливи стапки и други долгорочни хартии од вредност, еврообврзниците и други.

### ***Кредити***

Кредитите се финансиски средства коишто:

1) се создаваат кога кредиторот му позајмува средства директно на должникот;
2) се документирани со непреносливи документи.

Оваа категорија ги опфаќа сите кредити коишто им се дадени на различни сектори од страна на финансиските институции. Во категоријата кредити се опфатени: хипотекарните кредити, потрошувачките кредити, кредитите за финансирање трговски кредити, револвинг-кредитите, кредитите што се подигаат како гаранција за исполнувањето одредени обврски, аранжманите за реоткуп на хартии од вредност, финансискиот лизинг и други видови кредити. Според рочноста, кредитите се поделени на краткорочни (со рок до една година), и долгорочни кредити (со рок над една година).

### ***Акции и останат сопственички капитал***

Оваа категорија ги вклучува финансиските инструменти коишто на имателот му даваат право на сопственост врз друштвото што ги издало. Имателот на овие хартии од вредност има право

на дел од добивката, како и на дел од нето-средствата во случај на ликвидација. Во овој инструмент се опфатени следниве две поткатегории:

*а) акции и останат сопственички капитал, со исклучок на уделите во инвестициските фондови:*

1) акции коишто котираат на берза;

2) акции коишто не котираат на берза; и

3) останат сопственички капитал.

б) *удели во инвестициските фондови*

Акциите коишто котираат на берзата, како и акциите коишто не котираат на берзата ги вклучуваат капиталните акции, откупените акции, дивидендните акции и приоритетните акции. Во овие категории не се опфатени акциите коишто се нудат на продажба, но што не се продадени при издавањето, наградните акции коишто претставуваат дознаки на нови акции кон акционерите и друго.

Потпозицијата „останат сопственички капитал" ги содржи сите форми што се различни од оние што се класифицирани во категориите акции коишто котираат на берзата, како и акциите коишто не котираат на берзата. Останатиот сопственички капитал ги вклучува сите форми на капитал коишто не претставуваат акции, како што се на пример уделите во друштвата со ограничена одговорност.

Инструментот „удели во инвестициските фондови" ги вклучува уделите издадени од инвестициските фондови коишто може да бидат отворени, затворени или приватни.

**Технички резерви на осигурувањето**

Техничките резерви на осигурувањето ги вклучуваат претплатите за осигурителните премии коишто се однесуваат на животното и неживотното осигурување. Исто така, се вклучуваат и реосигурувањето, осигурувањето на депозити и пензиското осигурување.

Оваа категорија на страната на средствата ги опфаќа претплатите коишто осигурителните друштва ги прават во друго осигурително друштво, на пример: претплатите за осигурување од пожар на осигурително друштво за животно осигурување во осигурително друштво за неживотно осигурување.

Реосигурувањето пак претставува осигурување помеѓу реосигурително и осигурително друштво, при што реосигурителното друштво се обврзува да го обесштети осигурителното друштво за загубите од еден или повеќе нејзини договори. Во замена, осигурителното друштво плаќа премија, со цел да го пренесе ризикот целосно или делумно, а притоа задржувајќи ги обврските кон имателите на полиси.

***Финансиски деривати***

Финансиските деривати се договори коишто се поврзани со одреден финансиски инструмент, показател или стоки, преку кои самостојно се тргува со одреден финансиски ризик на финансиските пазари (ризик од промена на каматна стапка и девизен курс, ценовни, капитални и кредитни ризици и др.). Тука се вклучуваат: опциите и форвард-договорите, гаранциите, фјучерсите, своп-договорите и други, но единствено ако имаат пазарна вредност којашто произлегува од тоа што тие се предмет на тргување или нивната вредност може да се изрази на пазарот.

## *Останати побарувања*

### Останати приходни сметки

Категоријата „останати приходни сметки" ги опфаќа сите финансиски побарувања создадени како противставка на финансиските и нефинансиските средства. Оваа категорија ги вклучува финансиските побарувања коишто произлегуваат од порано или подоцна извршените плаќања за трансакции со стоки или услуги, распределба или секундарно тргување со финансиски инструменти.

Категоријата „останати приходни сметки" вклучува:

1) *Трговски кредити и аванси* (аванси за тековни работи или работи коишто треба да започнат и авансни плаќања за стоки и услуги). Трговските кредити дадени од страна на финансиските институции вообичаено се однесуваат на услугите од други финансиски и нефинансиски институции. За разлика од останатите кредити, трговските кредити се инструменти за кои не се пресметува камата. Доколку е расположлив податокот, пожелно е трговските кредити и аванси што ѝ се дадени на државата да вклучуваат и данок на додадена вредност платен авансно.

2) *Останато*, каде што се вклучени сите ставки коишто не се опфатени со другите категории на финансиски инструменти. Оваа категорија во себе вклучува: дивиденди, сметки за порамнување, податоци во процес на прибирање и останати средства.

*Побарувања врз основа на дивиденда* се јавуваат при евидентирањето на дивидендата во моментот на одлучувањето за исплата на дивидендата, а не во моментот на плаќањето на дивидендата.

*Сметките за порамнување* ги вклучуваат оние сметки на кои се евидентираат разликите коишто се јавуваат поради разлики во времето на книжење (продажба на финансиски средства на денот на промена на сопственоста и идни наплати на продадените финансиски средства). На пример: финансиска институција продава хартија од вредност, но наплатата се врши по два дена од продажбата. На денот на продажбата се книжи намалување на хартиите од вредност, со истовремено зголемување на сметките за порамнување.

*Податоците во процес на прибирање* вклучуваат средства коишто се пренесуваат директно на сметката на депонентот, меѓутоа овие средства не се достапни за користење сè додека не заврши клириншкиот процес. На пример: чековите се испратени директно на сметката на депонентот, но не се расположливи за користење сè додека не заврши клириншкиот процес.

Категоријата „*останати средства*" ги вклучува сите ставки коишто не се класифицирани во претходните финансиски инструменти. Главно, оваа категорија ги вклучува: привремените сметки, однапред платениот данок, однапред платената кирија, платите и наемнините и останатите оперативни трошоци.

## *Нефинансиски средства*

Нефинансиските средства ги опфаќаат:

1) фиксните средства (материјални и нематеријални); и

2) останатите нефинансиски средства за кои нема евидентирани соодветни обврски.

Фиксните средства ги опфаќаат основните средства, залихите и други, како и нематеријалните средства и права, односно оние средства коишто се поврзани со активноста на депозитната

институција. Фиксните средства се искажуваат по сметководствената вредност исклучувајќи ја акумулираната амортизација, којашто е вклучена во рамките на категоријата *останати обврски*.

Останатите нефинансиски средства го вклучуваат златото коешто не е дел од официјалните резерви, кованите пари за нумизматички цели, уметничките дела и останатите средства коишто не се финансиски инструменти, а се стекнати од страна на институцијата како гаранција за одредени побарувања. Земјиштето треба да биде класифицирано во оваа категорија.

## II. Обврски

***Готови пари во оптек***

Готовите пари во оптек се однесуваат на банкнотите и кованите пари со фиксна номинална вредност коишто се издадени од НБРМ како официјално средство за плаќање во домашната економија. При пресметувањето на износот на готовите пари во оптек, оние коишто се наоѓаат кај централната банка се одземаат од вкупната вредност на издадените пари. Оваа категорија се јавува единствено во Билансот на НБРМ.

***Депозити вклучени во паричната маса (М3)***

Депозитите вклучени во паричната маса ги опфаќаат трансферабилните депозити и останатите депозити на домашните депозитни институции коишто се вклучени во стандардната дефиниција на паричната маса. Генерално, оваа категорија ги вклучува депозитите на сите погоре дефинирани институционални сектори, освен депозитите на државата, депозитните институции и нерезидентите. Од депозитите на државата, во оваа категорија се вклучени само депозитите на локалната самоуправа.

***Депозити исклучени од паричната маса (М3)***

Депозитите исклучени од парична маса ги опфаќаат трансферабилните и останатите депозити коишто не се вклучени во стандардната дефиниција на паричната маса.

***Хартии од вредност што не се акции, вклучени во паричната маса (М3)***

Оваа категорија ги вклучува сите преносливи финансиски инструменти издадени од страна на депозитните институции, вклучени во општата дефиниција за паричната маса согласно со Прирачникот за монетарна и финансиска статистика на ММФ. Тука се содржани обврските врз основа на издадените хартиите од вредност, чии иматели се нефинансиските институции, домаќинствата, непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата, останатите финансиски институции и локалната самоуправа, со исклучување на обврските кон државата (без локалната самоуправа), депозитните институции и нерезидентите.

***Хартии од вредност што не се акции, исклучени од паричната маса (М3)***

Хартии од вредност што не се акции, исклучени од паричната маса преставуваат преносливи финансиски инструменти издадени од страна на депозитните институции, коишто се исклучени од стандардната дефиниција за парична маса.

***Кредити***

Кредитите се финансиски инструмент со кој се позајмуваат средства од други институционални единици - кредитори и што се документира со непреносливи документи. Оваа категорија ги опфаќа сите видови кредити (освен трговските кредити и аванси) земени од страна на депозитните институции.

**Технички резерви на осигурување**

Техничките резерви на осигурување содржат: нето-капитал на домаќинствата во резерви од животно осигурување, нето-капитал на домаќинствата во пензиските фондови и претплатени премии и резерви наспроти книговодственото побарување.

*Нето-капиталот на домаќинствата во резервите за животно осигурување* ги вклучува резервите за животно осигурување коишто се однесуваат на побарувањата на домаќинствата од договорите за животно осигурување или инвестициските шеми. Оваа категорија се користи за евидентирање на сегашната вредност на проценетите обврски на осигурителните друштва (актуарска вредност) за идните побарувања од страна на имателите на полиси за животно осигурување. *Нето-капиталот на домаќинствата во пензиските фондови* се состои од осигурителни резерви за побарувањата на домаќинствата коишто произлегуваат од пензиските планови. Оваа категорија се користи за евидентирање на сегашната вредност на проценетите обврски на пензиските фондови за плаќање на сегашните и идните придонеси на пензионерите и другите корисници. *Претплатените премии и резерви наспроти книговодственото побарување* се состојат од:

- сумата што претставува дел на бруто запишаната премија што треба да биде распоредена во следниот пресметковен период (претплати на премии за осигурување);

- вкупниот проценет краен трошок за порамнување на сите побарувања што произлегуваат од настани што се случиле до крајот на пресметковниот период, било да се пријавени или не, намалени за веќе платените суми во врска со овие побарувања (средства за ненаплатени побарувања).

Претплатите на премии за осигурување коишто се однесуваат на неживотното осигурување произлегуваат од фактот дека премиите за осигурување, главно, треба да бидат платени на почетокот на периодот покриен со осигурувањето, но овој период обично не се совпаѓа со пресметковниот период. Затоа, на крајот на пресметковниот период, кога се прави билансот на состојба, делови од премиите за осигурување коишто се платени за време на пресметковниот период, се наменети за покривање на ризикот во следниот период.

Претплатите на премии за осигурување претставуваат финансиски средства за имателите на полиси.

Резервите претставуваат средства на осигурителните друштва што се чуваат за покривање на сумите што тие очекуваат дека ќе треба да ги исплатат како резултат на побарувањата коишто сè уште не се порамнети.

***Финансиски деривати***

Финансиските деривати се договори коишто се поврзани со одреден финансиски инструмент, показател или стоки, преку кои самостојно се тргува со одреден финансиски ризик на финансиските пазари (ризик од промена на каматна стапка и девизен курс, ценовни, капитални и кредитни ризици и др.). Тука се вклучуваат: опциите и форвард-договорите, гаранциите, фјучерсите, своп-договори и други, но единствено ако имаат пазарна вредност,

којашто произлегува од тоа што тие се предмет на тргување или нивната вредност може да се изрази на пазарот.

**Останати расходни сметки**

Останатите расходни сметки ги сочинуваат:

1) *трговските кредити* (трговски кредити добиени при купување стоки и услуги) *и авансите* (аванси примени за тековни работи или работи коишто треба да започнат); и

2) *останато* (резервации за загуби врз основа на кредити и резервации за други загуби, дивиденди, сметки за порамнување и останати обврски).

Во категоријата *резервации за загуби врз основа на кредити* се прикажуваат исправките на вредноста на кредитите, додека во категоријата *резервации за други загуби* се прикажуваат исправките на вредноста на другите финансиски инструменти. Согласно со правилата за изготвување на билансите на финансиските институции, резервациите за загуби и акумулираната амортизација се класифицираат во категоријата „останати расходни сметки - останато", и покрај тоа што ваквиот третман не е во согласност со националните и меѓународните сметководствени стандарди, каде што овие категории не се јавуваат на страната на обврските во билансот, туку се одземени од сметководствената вредност на соодветното средство.

*Обврските врз основа на дивиденда* се јавуваат при евидентирањето на дивидендата во моментот на одлуката за исплата на дивиденда, а не во моментот на плаќањето на дивидендата.

*Сметките за порамнување* ги прикажуваат обврските на финансиските институции за плаќање на некој иден пресметковен датум за средства коишто се тековно купени.

*Останатите обврски* ги вклучуваат сите сметки коишто не се класифицирани во претходните финансиски инструменти. Главно, оваа категорија ги вклучува: привремените сметки, резервациите (коишто не се поврзани со резервациите за загуби од исправката на вредноста на финансиските средства), одложените обврски за плаќање данок, пресметаните плати, киријата, пресметаните даноци и останатите оперативни трошоци.

**Акции и останат сопственички капитал (вклучително и удели во инвестициските фондови)**

Оваа категорија е поделена на следниве компоненти:

*Акциите и останатиот сопственички капитал* ги вклучуваат примарната емисија, како и останатите емисии на акции и други форми на сопственички капитал (вклучително и удели во инвестициските фондови).

*Нераспределената (задржаната) добивка* ја вклучува нето-добивката (по оданочувањето) којашто не е распределена на сопствениците во вид на дивиденди, или распределена во резерви;

*Добивката од тековната година* ги вклучува акумулираните приходи, намалени за трошоците за тековната година (доколку добивката или загубата не е вклучена во категоријата „нераспределена (задржана) добивка".

*Општата и посебната резерва* се однесуваат на распределената добивка во резерви.

*Вредносните приспособувања* претставуваат нето-вредност на сите вредносни промени кај средствата и обврските на финансиските институции, освен вредносните промени кај сметките

за загуба и добивка. Сметките за вредносни приспособувања се вреднуваат по пазарна вредност.

### 5.1.5. Структура на монетарните прегледи

Монетарните прегледи претставуваат агрегирани извештаи, каде што состојбите на средствата и обврските на финансиските институции примарно се групираат од аспект на секторската припадност на другата договорна страна, а во рамките на тоа се врши дополнителна класификација на состојбите по одделни финансиски инструменти. Исклучок од овој принцип е агрегирањето на страната на обврските, како што е категоријата *монетарна база* кај прегледот на НБРМ и категоријата *депозити* кај прегледот на останатите депозитни институции, каде што се прикажува примарно инструментот, па потоа секторите на институционалните единици. Во некои монетарни прегледи дополнително се прикажуваат и одредени значајни монетарни категории, како на пр. нето девизните средства, паричните средства, домашните кредити, монетарната база и сл.

За потребите на монетарната статистика се изготвуваат следниве монетарни прегледи:

- Преглед на НБРМ;
- Преглед на останатите депозитни институции;
- Преглед на депозитните институции;
- Преглед на останатите финансиски институции;
- Преглед на финансиските институции и
- Парична маса и нејзините компоненти.

#### 5.1.5.1. Преглед на НБРМ

Во прегледот на НБРМ се прикажани средствата и обврските на НБРМ примарно класифицирани по сектори (нерезиденти, држава, останати депозитни институции, останати финансиски институции и приватен сектор). Понатаму, во рамките на секој сектор средствата и обврските се класифицирани по стандардно дефинираните финансиски инструменти.

##### I. Средства

Во прегледот на НБРМ, на страната на средствата се опфатени побарувањата на НБРМ од нерезидентите (девизни средства), државата, приватниот сектор, останатите депозитни институции и останатите финансиски институции.

*Побарувањата на НБРМ од нерезиденти* ја формираат позицијата девизни средства, коишто, од аспект на нивната ликвидност се поделени во две групи: девизни резерви и останати девизни средства.

*Побарувањата на НБРМ од државата* се однесуваат на побарувањата на НБРМ од државата (главно врз основа на хартии од вредност издадени од државата, како и останати побарувања).

*Побарувањата на НБРМ од приватниот сектор* ги опфаќаат побарувањата на НБРМ од недржавниот сектор. Во оваа категорија се вклучени побарувањата од одредени банки коишто се во процес на ликвидација (преминале од секторот *депозитни институции* во *останати нефинансиски институции*).

*Побарувањата на НБРМ од останати депозитни институции* ги опфаќаат побарувањата на НБРМ од банките врз основа на: ломбардни кредити, кредити за ликвидност, аукции на кредити, аранжмани за реоткуп и сл.

*Некласифицираните средства* ги опфаќаат основните средства и другите нефинансиски средства на НБРМ, како и другите побарувања на НБРМ коишто произлегуваат од други деловни односи на НБРМ со резидентите.

### II. Обврски

На страната на обврските на НБРМ главни ставки се: монетарната база, обврските на НБРМ кон нерезиденти (девизни обврски), обврските кон останати депозитни институции, обврските кон централната влада, капиталните сметки, други некласифицирани обврски и останати ставки, нето.

*Монетарната база* ги вклучува: готовите пари во оптек, сметките на банките и штедилниците кај НБРМ, готовината во благајната кај банките, задолжителната резерва на банките и штедилниците во денари, издвоената задолжителна резерва на банките во странска валута, како и сметките на локалната самоуправа и останатите финансиски институции кај НБРМ.

*Останатите обврски на НБРМ кон останатите депозитни институции* главно ги опфаќаат обврските на НБРМ врз основа на издадени благајнички записи.

*Девизните обврски* ги опфаќаат обврските на НБРМ кон нерезиденти (главно врз основа на користење кредити од ММФ).

*Обврските на НБРМ кон централната влада* главно се однесуваат на депозитите на централната влада кај НБРМ (денарски и девизни). Во обврските кон централната влада се вклучени и останатите обврски кон државата.

*Капиталните сметки* согласно со пропишаната методологија на ММФ ги опфаќаат следниве категории: сопствени средства на НБРМ, нераспределена (задржана) добивка, добивка од тековната година, општа и посебна резерва, вредносни приспособувања.

*Категоријата некласифицирани обврски* ги опфаќа останатите обврски на НБРМ коишто произлегуваат од најразлични деловни односи со резидентниот сектор, а не се класифицирани во претходните ставки.

## 5.1.5.2. Преглед на останатите депозитни институции

Овој преглед ги опфаќа средствата и обврските на банките и штедилниците, примарно класифицирани по институционални сектори. Понатаму, во рамките на секој сектор средствата и обврските се класифицирани по стандардно дефинираните финансиски инструменти.

### I. Средства

На страната на средствата се опфатени следниве главни категории: девизни средства, резерви на банките и штедилниците, побарувања од НБРМ, побарувања од државата, побарувања од јавните нефинансиски институции, побарувања од останатите финансиски институции,побарувања од приватниот сектор и некласифицирани средства.

*Девизните средства* се однесуваат на побарувањата на останатите депозитни институции од нерезидентите. Со оглед на тоа дека штедилниците не вршат девизни работи, оваа категорија во целост произлегува од билансот на банките.

*Резервите* се однесуваат на сметките на банките и штедилниците кај НБРМ (во кои е содржан и износот на задолжителната резерва во денари и во странска валута) и готовината во благајна.

*Побарувањата од НБРМ* главно се однесуваат на побарувањата врз основа на пласмани во благајнички записи.

*Побарувања од државата* се однесуваат на побарувањата врз основа на кредити, пласманите во хартии од вредност и достасаните ненаплатени побарувања.

*Побарувањата од јавните нефинансиски институции и останатите финансиски институции* се однесуваат на побарувањата врз основа на дадени кредити, пласманите во хартии од вредност, останатите пласмани и достасаните ненаплатени побарувања врз основа на кредити во домашна и странска валута.

*Побарувањата од приватниот сектор* ги опфаќаат вкупните пласмани на банките во приватниот сектор врз основа на дадени кредити, пласманите во хартии од вредност, останатите пласмани и достасаните ненаплатени побарувања врз основа на пласмани. Побарувањата од приватниот сектор ги содржат: побарувањата од останатите нефинансиски претпријатија, побарувањата од домаќинствата и побарувањата од непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата.

Побарувањата што ја сочинуваат категоријата останати пласмани се однесуваат на дадените аванси, побарувањата врз основа на авали и гаранции и сл.

*Категоријата некласифицирани средства* главно ги опфаќа меѓубанкарските средства, (кредити дадени на други банки, депозити депонирани во други банки, побарувања од делови на банки, побарувања врз основа на хартии од вредност), основните средства, другите нефинансиски средства и другите побарувања на банките и штедилниците коишто произлегуваат од други деловни односи со резидентниот сектор, а не се класифицирани во претходните ставки.

## **II. Обврски**

На страната на обврските во прегледот на останатите депозитни институции (банки и штедилници) главни ставки се: девизните обврски, депозитите класифицирани согласно со видот и ликвидноста (коишто се вклучени во дефиницијата на паричната маса), депозитите на централната влада, кредитите од НБРМ, обврски кон останатите финансиски институции, капиталните сметки и други некласифицирани обврски.

*Девизните обврски* се однесуваат на обврските на депозитните институции кон нерезидентите. Со оглед на тоа дека штедилниците не вршат девизни работи, оваа категорија во целост произлегува од билансот на банките и штедилниците. Тука се вклучени обврските врз основа на депозити на нерезиденти, земени кредити од странство и сл.

Во рамките на *депозитите* посебно се разграничени: депозитите по видување, орочените, штедните и девизните депозити и ограничените депозити, а во рамките на одделните видови депозити податоците се прикажани по секторот на депонентот.

*Депозитите на централната влада* се посебно прикажани со оглед на фактот дека овие депозити не влегуваат во стандардната дефиниција на паричната маса.

*Кредитите од НБРМ* главно се однесуваат на кредитите коишто банките ги добиваат од НБРМ.

*Капиталните сметки* ги вклучуваат сопственичките вложувања на банката, задржаната добивка, добивката од тековната година, општата и посебната резерва, како и вредносните приспособувања.

Категоријата *некласифицирани обврски* вклучува: меѓубанкарски обврски (кредити земени од други банки, депозити депонирани од други банки, обврски кон делови на банки, обврски врз основа на емитирани хартии од вредност) и останати обврски (активности на банката во име и за сметка на други, обврски во пресметка и сл.), коишто не се класифицирани во претходните ставки.

### 5.1.5.3. Преглед на депозитните институции

Овој преглед ги опфаќа средствата и обврските на сите институции вклучени во секторот на депозитните институции: НБРМ, банки и штедилници. Прегледот на депозитните институции се добива врз основа на агрегирање на прегледот на НБРМ и прегледот на останатите депозитни институции (банки и штедилници). Тој претставува консолидиран биланс на монетарниот систем, погоден за анализа на движењата во банкарскиот сектор. Главни компоненти на овој преглед се: нето девизните средства, домашните кредити, паричните средства, депозитите разграничени по вид, капиталните сметки и останатите сметки, нето.

*Нето девизните средства* претставуваат разлика од девизните средства на НБРМ и останатите депозитни институции (банки и штедилници) и девизните обврски на НБРМ и останатите депозитни институции (банки и штедилници). Ова значи дека сите девизни средства и обврски на НБРМ и останатите депозитни институции се агрегирани и прикажани на нето-основа.

*Домашните кредити* ги опфаќаат побарувањата на депозитните институции (НБРМ, банки и штедилници) од централната влада (прикажани на нето-основа), додека побарувањата од локалната самоуправа, јавните нефинансиски институции, приватниот сектор и останатите финансиски институции се прикажуваат на бруто-основа.

*Паричните средства* ги опфаќаат готовите пари во оптек (готовите пари надвор од банките и штедилниците), депозитните пари на останатите финансиски институции и локалната самоуправа од прегледот на НБРМ, како и депозитните пари од прегледот на банките и штедилниците.

*Останатите депозити* ги опфаќаат орочените, штедните и девизните депозити кај НБРМ, банките и штедилниците. Ограничените депозити, како и обврските кон останатите финансиски институции се прикажани одделно.

*Капиталните сметки* во прегледот на депозитните институции ги обединуваат капиталните сметки од прегледот на НБРМ и прегледот на останатите депозитни институции (банки и штедилници).

Категоријата *останати ставки, нето* ги прикажува сите категории што не се опфатени од прегледот на НБРМ и прегледот на останатите депозитни институции, како и сите некласифицирани средства и обврски од нив.

### 5.1.5.4. Преглед на останатите финансиски институции

Овој преглед ги опфаќа средствата и обврските на останатите финансиски институции (инвестициските фондови, пензиските фондови, осигурителните друштва, друштвата даватели на финансиски лизинг, финансиските друштва, друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови), првично класифицирани по институционални сектори. Понатаму, во рамките на секој сектор, средствата и обврските се класифицирани по стандардно дефинираните финансиски инструменти.

## II. Средства

На страната на средствата се опфатени следниве главни категории: девизни средства, резерви на останатите финансиски институции, побарувања од државата, побарувања од приватниот сектор, побарувања од останатите депозитни институции и некласифицирани средства.

*Девизните средства* се однесуваат на побарувањата на останатите финансиски институции од нерезидентите.

*Резервите* се однесуваат на готовината во домашна валута во благајната на останатите финансиски институции.

*Побарувањата од државата* се однесуваат на побарувањата врз основа на пласманите во хартии од вредност и побарувањата во пресметка.

*Побарувањата од приватниот сектор* ги опфаќаат вкупните пласмани на останатите финансиски институции во приватниот сектор врз основа на дадени кредити, пласманите во акции, останатите пласмани и достасаните ненаплатени побарувања врз основа на пласмани. Побарувањата од приватниот сектор ги содржат: побарувањата од останатите нефинансиски институции, побарувањата од домаќинствата и побарувањата од непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата.

*Побарувањата од останатите депозитни институции* се однесуваат на побарувањата на останатите финансиски институции коишто произлегуваат од депозити, акции и од други основи.

*Категоријата некласифицирани средства* главно ги опфаќа: меѓусекторските средства, (пласмани во акции на останати финансиски институции и побарувања во пресметка), основните средства, другите нефинансиски средства и другите побарувања на останатите финансиски институции коишто произлегуваат од други деловни односи со резидентниот сектор, а не се класифицирани во претходните ставки.

## II. Обврски

На страната на обврските, во прегледот на останатите финансиски институции главни ставки се: девизните обврски, депозитите на централната влада, кредитите од останатите депозитни институции, капиталните сметки, техничките резерви на осигурувањето и други некласифицирани обврски.

*Девизните обврски* се однесуваат на обврските на останатите финансиски институции кон нерезидентите. Тука се вклучени обврските врз основа на земени кредити од странство и сл.

*Депозитите на централната влада* се однесуваат на претплатените премии за осигурување.

*Кредитите од останатите депозитни институции* главно се однесуваат на кредитите коишто останатите финансиски институции ги добиваат од банките.

*Капиталните сметки* ги вклучуваат сопственичките вложувања на останатите финансиски институции, нераспределената (задржаната) добивка, добивката од тековната година, општата и посебната резерва, како и вредносните приспособувања.

Техничките резерви на осигурување ги содржат: нето-капиталот на домаќинствата во резерви од животно осигурување, нето-капиталот на домаќинствата во пензиските фондови и претплатените премии и резерви наспроти книговодственото побарување кај неживотното осигурување, прикажани по потсектори.

Категоријата *некласифицирани обврски* ги вклучува: меѓусекторските обврски (кредити земени од останати финансиски институции и претплатени премии и резерви) и останатите обврски (кредити, трговски кредити и аванси, обврски во пресметка и сл.), коишто не се класифицирани во претходните ставки.

### 5.1.5.5. Преглед на финансиските институции

Овој преглед ги опфаќа средствата и обврските на сите институции вклучени во секторот на финансиските институции: депозитните институции и останатите финансиски институции. Прегледот на финансиските институции се добива врз основа на агрегирање на прегледот на депозитните институции и прегледот на останатите финансиски институции. Тој претставува консолидиран преглед на финансискиот систем, со цел да се добие јасна и разбирлива слика за финансиското посредување во една национална економија. Главни компоненти на овој преглед се: нето девизните средства, домашните кредити, ликвидните обврски, останатите монетарни обврски, ограничените депозити, капиталните сметки, техничките резерви на осигурувањето и останатите сметки прикажани на нето-основа.

*Нето девизните средства* претставуваат разлика од девизните средства и девизните обврски на НБРМ, останатите депозитни институции и останатите финансиските институции. Ова значи дека сите девизни средства и обврски на НБРМ, останатите депозитни институции и на останатите финансиски институции се агрегирани и се прикажани на нето-основа.

*Домашните кредити* ги опфаќаат: побарувањата на финансиските институции (депозитните институции и останатите финансиски институции) од централната влада (прикажани на нето-основа), побарувањата од локалната самоуправа, јавните нефинансиски институции, приватниот сектор (прикажани на бруто-основа).

*Ликвидните обврски* ги опфаќаат монетарните обврски, останатите монетарни обврски и резервите. Монетарните обврски се однесуваат на паричните средства коишто ги опфаќаат готовите пари во оптек (готовите пари надвор од банките и штедилниците), депозитните пари на останатите финансиски институции и локалната самоуправа од прегледот на НБРМ, како и депозитните пари од прегледот на банките и штедилниците. Износот на паричните средства е намален за денарските трансферабилни депозити на останатите финансиски институции кај останатите депозитни институции, со цел да се направи меѓусекторско пребивање.

*Останатите монетарни обврски* се однесуваат на останатите депозити коишто ги опфаќаат орочените, штедните и девизните депозити кај НБРМ, банките и кај штедилниците. Износот на останатите монетарни обврски е намален за трансферабилните депозити на останатите финансиски институции во странска валута, како и на останатите депозити на останатите финансиски институции во денари и странска валута кај останатите депозитни институции, со цел да се направи меѓусекторско пребивање.

Ограничените депозити на финансиските институции се прикажани одделно.

*Капиталните сметки* во прегледот на финансиските институции ги обединуваат капиталните сметки од прегледот на депозитните институции и од прегледот на останатите финансиски институции.

Во прегледот на финансиските институции се прикажани и техничките резерви на осигурување на останатите финансиски институции.

Категоријата *останати ставки, нето* ги прикажува сите категории што не се опфатени во претходните категории од прегледот на депозитните институции и прегледот на останатите финансиски институции, како и сите некласифицирани средства и обврски од нив.

### 5.1.5.6. Парична маса и нејзините компоненти

Паричната маса, како збир на различни финансиски инструменти класифицирани согласно со степенот на нивната ликвидност, се дефинира во согласност со меѓународно прифатените дефиниции и критериуми (согласно со методологијата за монетарна и финансиска статистика на ММФ). Во монетарните агрегати се вклучуваат депозитите на следниве сектори: останати финансиски институции, локална самоуправа, нефинансиски институции (јавни и останати), домаќинства (физички лица и самостојни вршители на дејност со личен труд) и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

*Паричната маса М1* ги опфаќа готовите пари во оптек и депозитните пари. Притоа, депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај НБРМ.

Готовите пари во оптек претставуваат разлика помеѓу вкупниот износ на печатените и кованите пари и износот на готовите пари што се наоѓа во благајната на банките, во трезорот на НБРМ и во дисперзираните трезори.

*Паричната маса М2 (ликвидни средства)* ги вклучува монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити. Краткорочните депозитите се дефинирани како депозити во кои се опфатени: депозитите по видување, орочените депозити до една година, во денари и странска валута.

*Паричната маса М3 (стандардна дефиниција на паричната маса)* ги вклучува монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити орочени од една година до две години, во денари и странска валута.

*Паричната маса М4 (вкупен депозитен потенцијал на монетарниот систем)* ги вклучува монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити орочени над две години, во денари и странска валута.

Монетарниот агрегат М3 претставува меѓународно усогласена дефиниција на паричната маса на Република Македонија, којшто е приспособен кон меѓународните и европските добри практики за составување на монетарната статистика. Монетарниот агрегат М4 претставува поширок монетарен агрегат и е релевантен показател во монетарните анализи на вкупниот депозитен потенцијал на монетарниот систем.

### 5.1.6. Останати монетарни извештаи

Покрај монетарните прегледи, со цел да се збогати базата на расположливи информации за потребите на корисниците на податоците, се изготвуваат и се објавуваат и други извештаи, како: депозити на недржавниот сектор кај банките и штедилниците, кредити на недржавниот сектор од банките и штедилниците и кредити на банките дадени на домаќинствата.

### 5.1.6.1. Депозити на недржавниот сектор кај банките и штедилниците

Овие депозити се однесуваат на депозитните пари (тековните сметки), депозитите по видување, депозитите преку ноќ, орочените депозити (до три месеци, над три месеци, до една година и над една година) и ограничените депозити коишто се примени од страна на останатите финансиски институции, нефинансиските институции (јавни и останати), другите резиденти коишто се однесуваат на домаќинствата (физички лица и самостојни вршители на дејност со личен труд) и непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата и локалната самоуправа.

Депозитите се прикажани согласно со нивната валутна структура на денарски и во странска валута (со вклучени денарски депозити со валутна клаузула).

Денарските депозити според рочноста се поделени на депозитни пари, краткорочни (со оригинална рочност на достасување до 1 година) и долгорочни депозити (со оригинална рочност на достасување од 1 година до 2 години и над 2 години). Депозитите во странска валута се поделени на краткорочни и долгорочни депозити (со оригинална рочност на достасување од 1 година до 2 години и над 2 години).

### 5.1.6.2. Кредити на недржавниот сектор дадени од банките и штедилниците

Кредитите се прикажани според секторите на корисниците на кредит, и тоа на: останати финансиски институции, нефинансиски институции (јавни и останати), други резиденти коишто се однесуваат на домаќинствата (физички лица и самостојни вршители на дејност со личен труд) и непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата и локалната самоуправа.

Прикажани се кредитите одобрени во денари и во странска валута (со вклучени денарски кредити со валутна клаузула).

Побарувањата врз основа на кредити на недржавниот сектор дадени од банките и штедилниците се однесуваат на побарувањата врз основа на кредити, пресметаната камата врз основа на кредити, како и сомнителните и спорните побарувања врз основа на кредити.

Извршена е поделба на кредитите, од аспект на рочноста на краткорочни (со оригинална рочност на достасување до 1 година) и долгорочни кредити (со оригинална рочност на достасување над 1 година).

### 5.1.6.3. Кредити на банките и кредити на банките и штедилниците, дадени на домаќинствата

Се однесуваат на побарувањата врз основа на кредити, пресметаната камата врз основа на кредити и сомнителните и спорните побарувања врз основа на кредити одобрени на домаќинствата (физичките лица и самостојните вршители на дејност со личен труд). Сите категории се поделени по валута (во денари и странска валута).

Кредитите одобрени на физичките лица се поделени и по намената на кредитот, во следниве групи: потрошувачки кредити, станбени кредити, автомобилски кредити, рамковни кредити (кредитни картички и негативни салда на тековни сметки) и останати кредити.